**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-13
13.01.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес има чест и задоволство да ве покани да учествувате на еднодневните **On line** работилници со наслов:

**"Изготвување на финансиските извештаи/завршната сметка за 2020 година кај буџетите, буџетските корисници, единките корисници, јавните установи, јавните здравствени установи и јавните претпријатија/јавно комуналните претријатија"**

**Еднодневните работилници ќе се одржат на 21.01.2021 година и на 22.01.2021 година** со почеток во 9.00 часот, според приложените теми – области кои ќе бидат разработени.

Поради актуелната состојба со Корона вирусот Covid-19 и заштитата на здравјето, како и намалувањето на ризиците од ширењето на вирусот, работилниците ќе се одржат **On line**, со користење на платформата **ZOOM.**

Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** до 8.45 часот, за што непосредно пред почетокот на секоја работилница ќе добиете корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилниците ќе завршат во 14.30 часот.

Организирањето на работилниците претставува континуитет и продолжување на повеќе од дведецениската практика и традиција за подготовка на високо стручни материјали, одржување работилници и обезбедување поддршка во текот на подготовката на финансиските извештаи/завршната сметка. Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, а се базирани на измените во регулативата.

Здружението на финансиските работници ве поканува да присуствувате на работилниците, на кои ќе ги размениме нашите и вашите знаења и искуства за:

- Усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските;
- Пресметка на амортизација и ревалоризација;
- Признавање на расходите согласно со одобрениот буџет, Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2020 год. и Одлуките за извршување на буџетите на ЕЛС за 2020 год.
- Проценување на билансни позиции;
- Новини во Законот за данокот на додадена вредност;
- Измените и дополнувањата на Законот за данокот на личен доход;
- Измените и дополнувањата на Законот за данокот на добивка;
- Даночен третман на донации за поддршка на коронавирусот;
- Доставување на годишната сметка до Централен регистер, надлежните органи и нејзино објавување

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија. Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата и сет на материјали, кој ги содржи: работните материјали од работилницата и прирачници за подготовка на финансиските извештаи.

Покрај тоа, учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе добијат потврда за посетување на часови за КПУ согласно со темите и времетраењето на сесиите/Агендата за оваа работилница. За овие учесници фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

**Надоместокот за учество** на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник **изнесува само 3.500 денари + 18% ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

За повеќе учесници од иста институција одобруваме 10% попуст на вкупниот износ.

Поради големиот интерес за работилницата Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

**Прилог:** Агенда